*М. ПАНДЕВСКИ*

# ПРВАТА БИОГРАФИЈА НА ЈАНЕ САНДАНСКИ ОД В. В. ВОДОВОЗОВ

## Белешки кон првата биографија на Јане Сандански

Уште на самиот почеток сакаме да прецизираме дека се работи за краткиот биографски осврт на Јане Сандански од истакнатиот руски публицист и политички писател Василиј Васиљевич Водовозов. Пристапувајќи кон неговото повторно публикување, сметаме за нужно, само со неколку збора да им го задржиме вниманието на читателите врз неколку позначајни моменти.

Она што пред сè друго треба да го кажеме е фактот дека овој осврт претставува **прва** заокружена биографија на Јане Сандански. На нејзиниот автор В. Водовозов, поради тоа, сме должни да му ги оддадеме заслужената чест и благодарноста. Подоцна, во разни времиња (но дури по 1939 година) и од разни автори, се појавија уште пет пократки биографски осврти за Сандански, меѓу кои и еден од авторот на овие редови.[1])

Биографскиот осврт од В. Водовозов е пишуван по повод првата годишнина од убиството на Сандански, извршено на 22 април 1915 година и, веројатно, прво бил објавен во 1916 година, во некое руско периодично списание. Истражувајќи, на поширок план, неколку месеци во 1968 година во некои големи советски библиотеки во Москва и Ленинград, осврtов го пронајдовме поместен во една збирка од прилози од В. Водовозов, кои се однесуваат на македонското и балканското прашање од периодот на Балканските војни.[2])

Пишуван, речиси, во самиот вител на оние настани во чии центар стоел и Сандански; пригодно и повеќе врз основа на сознанијата од непосредното, донекаде и лично контактирање и набљу-

---

[1] Види Д-р Манол Пандевски, Јане Сандански. Изд. на РТВ — Скопје, Скопје. 1968.

[2]) В. В. Водовозов, На Балканах. Статьи. Путевые очерки. Петроград, 1917, Освртот „Яне Санданский" е поместен од 93-та до 101-та страна во збирката, за која претпоставуваме, дека од печат излегла пред Октомвриската социјалистичка револуција во Русија.

дување, во освртот на В. Водовозов се среќава и понекоја фактографска неточност, или нови и, засега непотврдени искажувања во однос на Јаневите политички гледишта од времето непосредно по заклучувањето на Букурешкиот мировен договор. Но раководени од желбата што помалку да го исправаме и дополнуваме В. Водовозова, што, впрочем, неговиот осврт посебно и не го бара, настојувавме да дадеме само минимален број на интервенции во вид на фусноти. Тоа, дотолку повеќе што искусниот автор вонредно успешно ги согледал, како Сандански во сета негова величина така и неговото време — со сета негова сложеност. Освртот е пишуван со многу човечка топлина и со видлива, иако донекаде дистанцирана, лична наклонетост на В. Водовозов спрема „борецот на македонската независност" Јане Сандански.

Последново пак нè обврзува да кажеме нешто повеќе и за авторот В. Водовозов, зашто и за Сандански па и за современите македонски генерации не е безразлично кои руски луѓе и општествени средини им ги давале својата поддршка и симпатиите на тогашните македонски борци за слобода.

Василиј Василевич Водовозов бил роден во 1864 година и подоцна студирал на историско-филолошкиот и на правниот факултет во С. Петербург, што, само по себе говори, дека добил солидно и широко образование. Неговите родители Василиј и Елисавета Водовозови биле познати руски педагози, кои оставиле и поголеми публикувани трудови. Најмногу работел како новинар и публицист, уредувајќи ги надворешно-политичките рубрики на повеќе руски списанија и весници. Во 1887 година од полицијата бил заточен на пет години во Архангелската област. За политичката определеност на В. Водовозова говори и фактот што два од весниците, во кои тој подоцна соработувал, биле забранети од царската цензура. Тоа биле „Наша жизнь" (Наш живот), кој излегувал во С. Петербург до 1906 и „Товарищ" (Другар), што го продолжил првиот, но бил забранет во 1908 година. В. Водовозов најмногу се занимавал со прашањата на изборното право и политичките партии во западните земји. Од неговото перо излегле голем број статии од областа на политиката, државното право и поновата историја, публикувани во разни весници и списанија („Юридический Вестник", „Русское богатство", „Вестник Европы", „Современник" и др.), како и многу брошури за разни политички прашања. Во една од руските енциклопедии стои дека тој бил „крупен деец на руската општествена мисла и журналистика".

Со новинарство се занимавал, останувајќи да живее во Москва, и по Октомвриската револуција, до околу 1922 година. В. Водовозов бил еден од најплодните дореволуционерни руски новинари. Кога умрел — не успеавме да најдеме податок.

В. Водовозов најмалку три пати, по професионална должност, патувал и на Балканот — во 1894, 1909 и 1913 година. Во последната година пропатувал и низ делот на Македонија кој дошол под

српска власт. Неговиот интерес за Македонија и Балканот, особено дошол до израз во периодот од 1912 до 1916 година од кое време оставил поголем број статии и дописки, публикувани, главно, во списанието „Современник“. И од сите нив, како што тоа го покажува и освртот за Сандански, лачи објективност и слободољубие.

Во неколкудневните дискусии во 1915, организирани во Петроград од видни руски научници и општественици, во кои зеле учество и најистакнатите претставници од бугарската и српската академија на науките, В. Водовозов истапил заедно со претставниците на Македонската петроградска колонија (Д. Чуповски и др.) бранејќи ја каузата на Македонија и македонскиот народ.[3])

Публикувајќи ја првата биографија на Сандански одбележуваме уште дека неа ја даваме целосно, без било какви скратувања и парафразирања и во превод од руски на македонски јазик што сами го извршивме. Со неа, едновремено, ја одбележуваме 55-годишнината од смртта на Јане Сандански.

В. В. ВОДОВОЗОВ

## ЈАНЕ САНДАНСКИ

Кратката телеграма за убиството, жртва на кое, во април 1915 година стана, близу до Неврокоп (во јужниот дел на бугарска Македонија)[4]) македонскиот революционер Сандански, ниту со еден збор не кажа ни за околностите при кои убиството е извршено ни за неговите автори. „Се води истрага“ — тоа е сè што можевме да дознаеме од неа. Оттогаш измина скоро цела година и сè уште ние не знаеме ништо повеќе од соопштеново.

Одвај ли може да дојде под сомневање, како фактот дека убиството е извршено од политички побуди, така и тоа, дека в гроб легна вонредно силна и крупна фигура, можеби една од најблескавите фигури, кои во последниве две децении работеа на Балканскиот Полуостров.

Сандански е роден во 1873 година близу до Драма[5]), т.е. во оној дел од Македонија, кој според Букурешкиот мир од 1913 година падна под власта на Грција. По своето национално потекло тој беше чист Словен, а неговиот мајчин јазик може да се смета за сосем близок, но одделен од бугарскиот јазик. Се школувал во гимназија во Бугарија, но завршил само четири класа, потем кратко време бил на служба во едно од малите гратчиња пак во Бугарија, но веќе во 1894 година си дал отказ (неговите непријатели говорат дека бил отпуштен заради некакви си нечесни работи, но ова е крајно сом-

---

[3]) Види: Труды Общества славянского научного единения. Сербо-болгарский спор за обладание Македонией. Оценка событий предшествовавших сербо-болгарской войне 1913 года, в изложении заинтересованных стран и членов общества. Петроград, 1915.

[4]) Сандански бил убиен во Пирин, близу до Мелник, патувајќи за Неврокоп, денес град Гоце Делчев.

[5]) Јане Сандански е роден во 1872 година, во пиринското село Влахи, во околината на Свети Врач, денес, град Сандански.

нително). По ова време тој се оддаде на револуционерна дејност во полза на својата татковина, Македонија, работејќи како организатор и војвода на четите.

Во револуционерните чети на Балканскиот Полуостров влегуваа мошне разнородни луѓе, во нив стапуваа и луѓе од идеи, кои се бореа за ослободувањето на својата татковина од тиранијата и кои се стремеа кон определени социјални реформи; тука, во четите, стапуваа и оние, кои беа желни за слободен (волен) живот и на кои им беше тешко да опстанат под гнетот на полициските и социјални услови — луѓе кои бараа простор што ќе им овозможи да го изразат своето јунаштво; во четите влегуваа и такви, за кои во рамките на легалните закони немаше место со било што друго да се занимаваат и кои, едноставно, претставуваа разбојници.

Во разните времиња преовладуваа час едните, час другите од овие елементи. Сандански, без секакво сомневање, ѝ припаѓаше на првата категорија. Селанец по потекло, притоа селанец на Турција, кој уште од детството знееше што значи безземјаштво и крепосна зависност која фактички постоеше тогаш во Турција, без обзир на нејзиното укинување со законот; тој беше пред сè и над сè привржениик на аграрната реформа; односно се залагаше за конфискација на земјишната сопственост од помешчиците (беговите) и за нејзиното доделување на јарациите и ратаите, потем тој беше привржениик на идејата за создавање од Македонија самостојна држава или, во најлош случај, одделна автономна област. Тоа беше неговата програма.

Во секој случај, како цел, на преден план ја поставуваше аграрната, а политичката (реформа) свесно ѝ ја потчинуваше на аграрната реформа.

Јас повеќе пати сум се среќавал со Сандански, во различни моменти од неговиот живот. Малкумина луѓе на Балканскиот Полуостров ми оставиле таков силен, таков целосен и таков длабок впечаток како што ми остави имено овој борец на македонската независност. Од него лачеше најкомплетна храброст, самоконтрола и огромна, непоколеблива енергија: се чувствуваше дека со својот тих длабок глас, тој умее да дава наредби, коишто во критичните моменти никој не се решаваше да не ги изврши. Неговото огромно честољубие беше совршено видливо и тешко можеше да се посомнева во тоа, дека овој демократ-народник, останувајќи ѝ доследен на својата програма, во истото тоа време, никаде и никогаш не ќе се задоволи со второстепена улога, со второто место, сметајќи ги за дозволени и незапирајќи се пред никакви средства на патот на остварувањето на своите општи политички цели, а да истовремено со тоа не поднесува покрај себе и свој личен ривал.

Макар што му недостасуваше штогоде сериозно образование, тој беше човек со крупен ум, со превосходно познавање на Македонија и македонскиот народ и со истанчено чувство да се ориентира во политичките прашања на секој даден момент. Сред македонското селанство Сандански уживаше огромна популарност.

На самиот почеток од својата револуционерна кариера, во 1896 година, тој успеа да го крене на бунт гратчето Мелник, кое се прогласи за ослободено. Само по себеси се разбира, дека градската република на Мелник не можеше да биде трајна и по неколку дена градот се предал на турските власти, коишто, јасно, жестоко им одмаздиле на револуционерните раково-

дители за својот привремен пораз. Но Сандански успеал да организира таму свои следбеници и оттогаш градот Мелник, стана главен центар на неговата дејност.[6]) Одовде тој го ширеше своето влијание врз целиот простор помеѓу реките Струма и Места. Според планинскиот венец Пирин Планина, оваа област и се нарече пиринско царство, а невидливиот за турските власти, Сандански, стана негов цар. Тука, со средства од самите селани никнуваа училишта, чиишто учители беа следбениците на Сандански. Тука турските бегови не смееја да ги малтретираат селаните-чифлигари, како што тоа го правеа во другите места; тука турските власти се плашеа од одговорноста за своите недела, не само од повисоките власти во главниот град на вилаетот Солун, туку и од пиринскиот цар, дури од овој последниов и повеќе, зошто од него не можеа да се откупат со подарок. Самиот пирински цар пак, со својата чета се движел низ пиринските долови и шуми, преземајќи одвреме-навреме напади час против турските воени одреди, час против турските чиновници или села, убивајќи ги непријателите и конфискувајќи им го имотот. Низ ваквите средства се изразувала, во оние времиња и политичката борба. Но објект на неговите напади не беа само Турците...

Во Македонија постоеја разни револуционерни партии; имаше грчка партија, постоеше „надворешна организација" која добиваше парична и секаква друга помош од Софија и која работеше за припојување на Македонија кон Бугарија; постоеше така наречената Внатрешна организација која ја издигна паролата „Македонија — на Македонците". Сандански, во почетокот ѝ припаѓаше на Внатрешната организација, но подоцна ја напушти, разидувајќи се со неа, можеби повеќе од лични отколку од принципиелни причини, продолжувајќи сепак да работи со неа во истата заедничка насока.

Овие три партии во меѓусебните односи беа на нож, една со друга се мразеа и во меѓусебната борба се фаќаа за истите оние средства, што ги користеа во борбата и со Турците, т.е. — за јатаганот и пиштолот. При крајот на 1907 година беше убиен еден од најпознатите водачи во македонското револуционерно движење од бугарската партија. Тоа беше Борис Сарафов.[7]) Сандански, макар што во ова убиство не зел непосредно учество, сепак, софискиот суд и него го осудил како морален соучесник во убиството. Дали Сандански носи вина за ова дело, јас, со полна сигурност, не би се решил да кажам; самиот Сандански пак, во разговор со мене, категорички го одречуваше своето учество во ова убиство, но јас сум наклонет да мислам, дека во дадениот случај пресудата е донесена секако не без основа.[8]) Одговорот за убиството на Сарафов беше посегнувањето врз животот на Сандански, кој беше тешко ранет во грбот, со истрел од пушка.[9])

Во Бугарија Сандански беше осуден на смрт во отсуство, а во Турција смртната казна му беше изречена далеку порано. По таков начин, тој беше принуден да живее живот на прогонуван волк, немајќи можност од турска

---

[6]) В. Водовозов овде мисли на краткотрајното освојување на Мелник во 1895 година, од силите на Врховниот комитет, со кои командувал Б. Сарафов, погрешно сметајќи дека тоа било дело на Сандански. Точно е неговото тврдење дека Мелник станал главен центар на Сандански, но тоа станало неколку години подоцна.

[7]) Заедно со Б. Сарафов, во София бил убиен и Иван Гарванов.

[8]) Претпоставката на В. Водовозов е сосем точна.

[9]) Сандански, и тоа во Солун бил рануван два пати, во 1908 и 1909 година.

Македонија да се засолнува дури ни на територијата на Бугарија, која, инаку, ги толерираше македонските револуционери од другите политички нианси. Во Грција и Србија, тој исто така, не можеше да очекува благонаклонет прием.

Во 1908 година стана турската револуција. Веднаш по младотурските свечености беше дадена широка амнестија на политичките борци, која го опфати и Сандански. Оттогаш тој можеше да живее легално и сосем слободно се појавуваше на улиците и во локалите на Цариград, Солун и другите градови и села во Турција, па според тоа и во Македонија. Турската револуција ѝ донесе на Македонија извесно подобрување во режимот на управувањето, но за решавањето на аграрното прашање таа не стори баш ништо. Може да се каже дури обратното. Додека дотогаш македонскиот селанец можеше, заради сторената му неправда од турските бегови и полицајци, да ѝ се пожали на четата и тогаш револуционерната чета ја земаше улогата на таен судија и јавен одмаздник, сега, подобрувањето на полицискиот надзор, сосем ѝ ја одзеде на револуционерната чета ваквата улога. Поради тоа, положбата на македонскиот селанец стана, всушност, поскоро полоша, отколку подобра.

— Затоа пак — ми рече Сандански во Цариград во 1909 година — сега во Македонија добивме можности за отворена борба во легални форми; ние веќе не сме ѕверови што ги прогонуваат, ами граѓани, ние можеме да работиме на реформирањето на татковината и нашиот труд не ќе остане бесплоден. Но, се разбира, дека сме должни да дејствуваме како граѓани на уставната Отоманска империја, во нејзините политички граници, и откажувајќи се од стремежот за политичко откинување на Македонија од Турција. Ние имаме своја аграрна програма, тесно поврзана со општата наша политичка програма: првата се изразува низ барањето за конфискација на земјите од чифлик-сајбиите и нивното доделување на селаните, а втората (политичката) — се содржи во барањето од Македонија да се создаде автономна провинција во рамките на Отоманското царство. И најмногу од сè друго се плашиме од тоа, нашите „мили пријатели" — Бугарите, Србите и Грците, да не дојдат да нè „ослободуваат".

Според тоа, Сандански, меѓу сите македонски револуционери, се истакна како главен изразител на идејата за помирување со младотурската влада и по оваа линија дефинитивно се разотиде не само со привржениците на пробугарската ориентација, туку и со дел од своите довчерашни другари, кои од самиот почеток се покажаа подалекувидни и не ѝ поверуваа на турската револуција.[10]) А од сè друго, најнеобичното се состоеше во брзината, со која довчерашниот комитаџија, кој со години се криеше во планините, прогонуван од непријателите и самиот прогонувајќи ги нив, човекот на пиштолот, на јатаганот и на пожарот, се преобрази во политички деец на уставната држава, кој сега се грижеше и за испраќање на свои кандидати во парламентот и за парламентарните групи.

---

[10]) Авторот В. Водовозов греши кога тврди дека Сандански се покажал помалку, далекувиден од своите другари и дека многу им верувал на младотурските ветувања што донекаде се потврдува и од натамошното негово излагање. Напротив оваа карактеристика повеќе им прилега на дел од неговите, не докрај доследни, следбеници и другари.

Меѓутоа, веќе во тоа време т.е. во 1909 година, многу нешта можеа да го наведат, а и го наведуваа Сандански на размислувања. Меѓу другото, тогаш тој ме запозна со Хилми-паша, тогашен велик везир на Турција, којшто порано, во својство на генерален гувернер на Македонија, го беше осудил Сандански на смрт, а сега, по амнестијата се наоѓаше со него во прилично добри лични односи. Го прашав Хилми-паша каков став мисли да земе турската влада спрема автономните стремежи во разните делови на Турција и од него добив одлучен одговор, дека за турската влада не постојат ни Македонци, ни Арапи, ни Евреи, туку постојат само отомански граѓани; тие добиваат полна лична слобода, но единствено како отомански граѓани и под услов на одречување од било какви стремежи кон политичка автономија. Сандански, разбирајќи го слабо францускиот јазик, на кој ние разговаравме, но сепак доловувајќи ја содржината на разговорот, започна и самиот разговор со Хилми-паша на турски јазик. Овој пат јас бев лишен од можноста да го следам нивниот разговор, но отпосле Сандански ми рече дека и тој со Хилми-паша говорел за истото прашање и го завршил разговорот со зборовите:

„Со вашата политика на централизам вие ѝ го копате гробот на Турција!“

Подоцна ова пророштво се збидна, но тогаш (во 1909 б.н.) Сандански сѐ уште се надеваше дека турските политички дејци ќе соумеат да појдат по други патишта. Неговата сопствена надеж го изневери и кон 1911 година, тој конечно се разочара во турската влада.

Во 1912 година стана она од кое тој најмногу се плашеше! „Милите пријатели“, Бугарите, Србите, Црногорците и Грците, склучија договор за делба на Македонија и се зафатија неа да ја „ослободуваат“.[11])

Што можеше да стори тој? — Сандански, и сега како и порано, беше убеден дека само целосна и автономна Македонија може без пречки да се развива, но мораше да согледа дека остварувањето на овој план се покажува невозможно. Му преостануваше од неколкуте зла да го избере најмалото и тој се задржа на Бугарија, која, како што изгледаше тогаш, ги имаше шансите да ја добие цела Македонија, и следствено на тоа, во крајна линија, да ги зачува нејзината целост и единство.[12]) Сандански формира посебни чети под своја команда, со кои се бореше против Турците, а на страната на Бугарија, но не откажувајќи се од принципот „Македонија — на Македонците“ и не губејќи ја надежта дека иднината ќе му даде можности и да го оствари овој принцип. Се бореше на страната на Бугарија, но останувајќи и натаму во неа човек лишен од права, кого што секој момент можеа да го врзат и испратат на бесилка. Во летото 1913 година го сретнав во Софија.[13]) Тој се движеше сосем јавно по улиците на Софија, ги посетуваше софиските кафеани

[11]) Црна Гора, иако му припаѓала на Балканскиот сојуз, не учествувала во делбата на Македонија.

[12]) Во критичните за Македонија моменти, за слично решение се определувал уште еден крупен македонски деец и Јанев современик — Крсте П. Мисирков. (Види, Д-р Блаже Ристовски, Крсте П. Мисирков (1874—1926), „Култура“, Скопје, 1966, стр. 573—577, 672, 680, 683, 686).

[13]) За оваа средба В. Водовозов, на друго место забележал: „На ова собрание (од јули 1913, на кое за Македонија говореле Љапчев, Нејчев и други великобугарски претставници б. н.) присуствуваше и познатиот водач на Македонците — Сандански; тој не се појави меѓу говорниците и кога јас го прашав зошто не говори во заштита на независна Македонија, Сандански ми одговори: „Гледате и сами како овие господа

(локали) и не криејќи се ни малку. Многумина го познаваа при среќавањата, и беше јасно дека ништо не пречеше да биде фатен и затворен. Но веројатно, бугарската влада ѝ имаше издадено наредба на полицијата да не го гиба. И навистина, по извесно време, во бугарското Народно собрание беше изгласан закон за амнестирање на Сандански и на неколкумината негови другари.

Според Букурешкиот мировен договор (10. VIII. 1913 б.н.), родниот крај на Сандански (Според В. Водовозов, Драмска околија во Егејска Македонија б.н.) за кој тој сметаше за неопходно да се обедини со западна и северна Македонија, ја доби, според него, најлошата од сите можни судбини: овој дел од Македонија попадна под власта на Грција, која во областа на аграрното прашање ја продолжуваше политиката на турската влада, а во доменот на почитувањето на правата на човекот се покажа, одвај не полоша од турската влада, барем од времето по револуцијата од 1908 година. Зависно од настаните Сандански беше принуден донекаде да ја измени својата политичка програма и стана еден од носителите на идејата за нова делба на Македонија во интерес на бугарската влада.[14])

Во последно време во безначајното списанивче „Македонский Голос — Македонски Глас", кое на руски јазик, се издава во Петроград од една група на македонски емигранти, а кои ѝ останаа верни на идејата „Македонија — на Македонците", се појавија неколку остри статии против овој македонски деец. Овие статии јасно говорат за тоа дека приврзениците на автономна Македонија требало дефинитивно и одлучно да ги прекинат врските со Сандански.[15])

Тој имаше мошне многу непријатели. Негови непријатели беа Турците; негови непријатели беа Грците и Србите, кои ја застапуваат неприкосновеноста на Букурешкиот мир; тој имаше непријатели од средината и на самите Македонци. Од чија средина дојде ударот (убиството б.н.) ние не знаеме.[16])

А ударот беше нанесен прецизно — онака, како што умееше да нанесува удари и самиот Сандански.

---

гледаат на прашањето за автономија, вреди ли да се зборува, при такви неблагопријатни услови".

Тој огорчено ми зборуваше дека, кога „ослободителите" ја почнале војната со Турција, никој од Македонците немал ни поим за тоа, дека судбината на татковината веќе била решена без нивно знаење...

Како резултат на таквата политика, според зборовите на Сандански, и дојде до сегашната положба на работите: во времето, кога Албанија, откако стана независна, веќе ги изготвува елементите на својата државност, Македонија, осудена со договорот на поделба, е разорена, распарчена и, се разбира, не е смирена". (Од балканските впечатоци на В. В. Водовозов, Македонски глас, Скопје, 1968, стр. 144).

[14]) Промената во политичката програма на Сандански, за која овде говори В. Водовозов, засега, останува непотврдена и треба да се прими со резерва.

[15]) Наше мислење е дека В. Водовозов умислено го смалува значењето на „Македонски Глас", со чии издавачи, инаку соработувал, побуден од неоснованите напади против Ј. Сандански, со кои тој, очигледно, не се согласувал. (За ова прашање види: Македонски Глас, Скопје, 1968, стр. 24—29, 268—272, 308—309.).

[16]) Ударот потекнал од бугарскиот дворец, а го извршиле четниците на Тодор Александров.